# ЗАПИСНИК

од првата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
22 декември 2021 година, Скопје

**Присутни**:

Данела Арсовска (Градоначалничка на Град Скопје), Висар Ганиу (Градоначалник на Општина Чаир), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Дарко Костовски (Градоначалник на Општина Бутел), Марко Колев (Градоначалник на Општина Велес), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Максим Димитриевски (Градоначалник на Општина Куманово), Илир Елези (Претседател на Совет на Општина Боговиње), Сашка Крстевска Павловска (Претседателка на Совет на Општина Старо Нагоричане)

**Отсутни**:

Костадин Костадинов (Градоначалник на Општина Струмица), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Митко Јанчев (Градоначалник на Општина Кавадарци), Трајко Славески (Претседател на Совет на Град Скопје).

Расправа:

По избор на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, од страна на Генералното собрание на ЗЕЛС, Управниот одбор ја одржа својата 1-ва седница при што расправаше по следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на Претседател и двајца Потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС;
2. Усвојување на Планот за јавни набавки, Предлог - Финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС) за 2022 година и Планот на активности на ЗЕЛС (акциски план) за 2022 година;
3. Одлука за избор на членови на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините;
4. Разно;

**ПРВА ТОЧКА**: Избор на претседател и двајца потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС;

Согласно Статутот на ЗЕЛС, Претседателот и двајцата Потпретседатели на Управниот одбор на ЗЕЛС се истовремено и Претседател и двајца Потпретседатели на ЗЕЛС.

Градоначалникот на општина Охрид, г. Кирил Пецаков даде предлог Градоначалничката на Град Скопје, г-ѓа Данела Арсовска да биде избрана за Претседател на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Градоначалникот на општина Крива Паланка, г. Сашко Митовски, даде предлог за избор на г. Перо Костадинов, Градоначалник на општина Валандово за Потпретседател на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Градоначалникот на општина Теарце, г. Нухи Незири, даде предлог г. Висар Ганиу, Градоначалникот на општина Чаир да биде избран за Потпретседател на ЗЕЛС.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор едногласно донесе Одлука за избор на г-ѓа Данела Арсовска, градоначалник на Град Скопје да биде избрана за Претседател на ЗЕЛС, г. Висар Ганиу, градоначалник на
Општина Чаир за Потпретседател на ЗЕЛС и г. Перо Костадинов, градоначалник на Општина Валандово за Потпретседател на ЗЕЛС.

**ВТОРА ТОЧКА**: Усвојување на Планот за јавни набавки, Предлог - Финансискиот план на ЗЕЛС (буџет на ЗЕЛС) за 2022 година и Планот на активности на ЗЕЛС (акциски план) за 2022 година;

Согласно Статут, Управниот одбор на ЗЕЛС на Генералното Собрание му предлага да го усвои финансискиот план (буџетот) на ЗЕЛС и планот на (акцискиот план) на ЗЕЛС.

Предлог – финансискиот план (буџет) на ЗЕЛС за 2022 година и Предлог – планот на активности (акциски план) на ЗЕЛС за 2022 година беа детално образложени од страна на Извршниот директор на ЗЕЛС со поединечно запознавање со структурата на приходите, расходите и побарувањата на ЗЕЛС, особено долговите по основ на неплатена членарина.

Управниот одбор го разгледа и Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2022 година и по истиот не беа дадени забелешки од членовите.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го усвои Предлог – финансискиот план (буџет) на ЗЕЛС за 2022 година и му предлага на Генералното Собрание истиот да го усвои на својата прва седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го усвои Предлог –планот на активности (акцискиот план) на ЗЕЛС за 2022 година и му предлага на Генералното Собрание истиот да го усвои на својата прва седница.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС едногласно го усвои Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2022 година.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините;

Членовите на Управниот одбор беа запознати дека во тек е постапка на изменување и дополнување на Законот за финансисрање на единиците на локалната самоуправа со која досегашниот број на членови во Комисијата за следење на процесот на фискална децентрализација се зголемува од актуелнит 5 претставници на ЗЕЛС на 7 градоначалници како претставници на ЗЛЕС. Оттука, а со цел да може да се предложат најсоодветни членови од редот на избраните градоначалници како предлог на ЗЕЛС како лица кои имаат повисок степен на познавање на системот на финансирање и управување со јавните финансии, Управниот одбор донесе заклучок дека е најсоодветно за ова прашање да се расправа на следната седница, истакнувајќи дека се има во предвид важноста на ова прашање.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС одлучи да ја одложи расправата за избор на членови во Комисијата за следење на процесот на фискална децентрализација за следната седница со оглед дека е во тек постапка на изменување и дополнување на соодветниот Закон што директно ќе се рефлектира и врз изборот на членовите од страна на ЗЕЛС.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разно

Под точката разно немаше расправа.

**Скопје, 22 декември, 2022 г.**

**Составил,**
**Стручната служба на ЗЕЛС**